ПРЕДЛАГАЧ: ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ

ИЗГОТВУВАЧ: Координаторка за еднакви можности на жените и мажите

ОПШТИНА КАРПОШ

До: Сектор за поддршка и организација на работата
на Советот на Општината и архивско административни работи

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА
**За активностите на Општина Карпош**
**Во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во општина Карпош за 2023 година**

**Скопје, јануари 2024 година**

## Вовед

Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во општина Карпош за 2023 година имаше цел да го промовира и унапреди начелото за еднаквост меѓу жените и мажите согласно со Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/2012, 30/2013,166/2014), Законот за спречување и заштита од дискриминација и Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство.
Програмата предвиде работилници и советувања од повеќе области, како и конкретни проекти чие имплементирање требаше да придонесе за зголемување на нивото на јавната свест за потребата од еднаквите можности меѓу жените и мажите.

Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во општина Карпош за 2023 година предвидува неколку приоритетни области за унапредување и промовирање на концептот за еднакви можности меѓу жените и мажите во општина Карпош.

Приоритетните цели кои беа предвидени во Програмата се:

1. Одбележување на меѓународниот ден на жената
2. Унапредување на здравјето на жените и мажите;
3. Превенција и советување за спречување на семејното насилство и помош на жртвите од семејно насилство
4. Промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација
5. Надминување на родови стереотипи

## Реализација

За спроведување на програмските активности превидени во Годишната програма беше објавен Јавен повик во кој се бараше доставување на предлог проекти за секоја област посебно, во рамки на финансиските средства кои беа изгласани и предвидени во Буџетот.
На јавниот повик немаше доставено предлог проекти за точките 1 и 2 од програмата и затоа тие активности не беа спроведени.

На јавниот повик беа доставени, избрани и реализирани следниве проекти:

1. „Сместување и психосоцијална поддршка на жртвите од семејно насилство во Шелтер центарот на ОЖС-Скопје“ во вредност од 120.000,oo денари од страна на Организација на жени на Град Скопје.
2. „Анонимни групи за поддршка на жени жртви од семејно насилство“ во вредност од 80.000,oo денари од страна на Себесложувалка – Скопје
3. „Промоција на еднаквоста и недискриминација и надминување на родовите стереотипи во областа на детската и социјалната заштита на локално ниво со поддршка на жртвите од дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет и зајакнување на стручните тимови“ во вредност од 100.000,oo денари од Здружение на сексуални и родови малцинства КВИР Скопје
4. „Надминување на родовите стереотипи при избор на професија од областа на воздухопловството“ во вредност од 100.000,oo денари од Здружение за подобро воздухопловство АВИКОН Скопје

.

**Финансирање**

Од предвидените 800.000,00 денари беа потрошени вкупно 400.000,00 денари.

Изработи:
Виолета Михајловска
Координатор за еднакви можности